# СЛУЖ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧК

Sluzbeni ... Makedonije ... Skopje fah 51

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 17 февруари 1972
БЕЛГРАД
БРОЈ 9 ГОД. XXVIII

Цена на овој број е 6 динари. — Претплатата за 1972 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671.


**53.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE ZEIT"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Die Zeit", број 4 од 28 јануари 1972 година и број 5 од 4 февруари 1972 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/59
7 февруари 1972 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Лука Бановиќ**, с. р.

**54.**

Врз основа на член 91 точка 2 од Основниот закон за средствата за работа на органите на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/64, 57/65, и 1/67) и член 44 од Уредбата за финансиското и материјалното работење на органите на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66 и 38/67) во врска со член 16 став 3 точка 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани XX до XLI („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71) и со член 5 од Законот за финансирање на федерацијата во 1972 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/71), сојузниот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА СОСТАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА

1. Во Упатството за начинот на составување на завршната сметка на органите на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/70 и 60/70) во називот зборовите: „сметка на органите" се заменуваат со зборовите: „сметка на сојузните органи".

2. Во точка 1 зборовите: „Органите на управата, судовите, јавните обвинителства и стручните служби на собранијата на општествено-политичките заедници" се заменуваат со зборовите: „Сојузните органи на управата, сојузните органи на правосудството, стручните служби на Сојузниот извршен совет и на Сојузната скупштина".

3. Во точка 4 во одредбата под 6 зборовите: „на 31 декември 19—— година" се бришат.

4. Во точка 6 став 1 одредбата под 7 се менува и гласи:

„Кај органите на управата состојбата на средствата на 31 декември 1971 година на жиро-сметката на редовната дејност. на жиро-сметките за посебни намени, на жиро-сметката на фондот на опремата и на жиро-сметките на другите фондови ја сочинуваат средствата на тие сметки на 31 декември 1971 година наголемени за средствата распоредени на тие сметки до 31 јануари 1972 година, во смисла на член 5 став 2 од Законот за финансирање на федерацијата во 1972 година."

Во став 2 бројот: „1970" се заменува со бројот: „1971", а на двете места бројот: „1971" се заменува со бројот: „1972".

5. Во точка 8 став 2 по одредбата под 11 се додава нова одредба под 11а, која гласи:

„11а) под ред. бр. 13 — износ со кој се намалуваат извршените расходи, поради тоа што дел на обврските евидентирани со пописот на 15 ноември 1971 година се исплатува од средствата на федерацијата а на начинот и од средствата што се предвидени со Законот за евидентирање и за начинот на намирување на обврските на одредени корисници на општествени средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/71), а кој со 31 декември 1971 година е прокнижен преку контото на кое се утврдува финансискиот резултат на редовната дејност;".

Во одредбата под 12 став 1 бројот: „13" се заменува со бројот: „14".

Во одредбата под 13 ст. 1 и 2 броевите: „14 до 17" се заменуваат со броевите: „15 до 18", а во став 1 бројот: „14" — со бројот: „15", а бројот: „18" — со бројот: „19".

Во одредбата под 14 став 1 бројот: „18" се заменува со бројот: „19".

Во одредбата под 15 броевите: „20, 21 и 22" се заменуваат со броевите: „21, 22 и 23".

Во одредбата под 16 став 1 бројот: „24" се заменува со бројот: „25"

Во одредбата под 17 став 1 бројот: „25" се заменува со бројот: „26".

6. Во точка 10 став 7 по одредбата под 5 се додаваат две нови одредби, кои гласат:

„5а) под ред. бр. 23 — износот на издвоените депозити според Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нови нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/71);

5б) под ред. бр. 26 — износот со кој се намалуваат расходите што ги книжил органот на управата, поради тоа што дел од обврските евидентирани со пописот на 15 ноември 1971 година се исплатува од средствата на федерацијата а на начинот и од средствата што се предвидени со Законот за евидентирање и за начинот на намирување на обврските на одредени корисници на општествени средства, а кој со 31 декември 1971 година е прокнижен преку контото на кое се врши распоред на остатоците на средствата за посебни намени;".

Во одредбата под 6 броевите: „26 и 27" се заменуваат со броевите: „28 и 29".

Одредбата под 7 се брише.

Во досегашната одредба под 8, која станува одредба под 7, бројот: „29" се заменува со бројот: „30".

7. Во точка 11 став 3 по одредбата под 9 се додава нова одредба под 9а, која гласи:

„9а) под ред. бр. 14 — противвредноста на обврските утврдени со пописот на обврските на 15 ноември 1971 година. што ги плаќа федерацијата на начинот и од средствата што се предвидени со

Законот за евидентирање и за начинот на намирување на обврските на одредени корисници на општествени средства, ако не се бара враќање на тие средства. Овие износи со книжењето според состојбата на 31 декември 1971 година му се одобрени на контото на соодветниот фонд на органот на управата;".

Во одредбата под 10 броевите: „16 до 22" се заменуваат со броевите: „17 до 23", а на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 10а, која гласи:

„10а) под ред. бр 30 — износите на издвоените депозити од средствата на фондовите на органите на управата според одредбите од Законот за полагање депозит при инвестициони вложувања во нови нестопански и непроизводни инвестиции.".

8. Во точка 12 став 16 се заменува со шест нови ставови, кои гласат:

„Состојбата на обврските утврдена со пописот на 15 ноември 1971 година и состојбата на обврските на 31 декември 1971 година органите на управата ги прикажуваат на образецот VI — Преглед на ненамирените обврски на 31 декември 19—— година.

Во колона 3 на образецот VI се искажува состојбата на обврските на 15 ноември 1971 година според состојбата во книгите без оглед дали стасале за плаќање или не, а во колона 4 — стасаните ненамирени обврски што се попишани на 15 ноември 1971 година според одредбите од Законот за евидентирање и за начинот на намирување на обврските на одредени корисници на општествени средства.

Дел на обврските попишани на 15 ноември 1971 година, што до 31 декември 1971 година ги исплатил органот на управата од средствата со кои тој располага, се искажува во колона 5 на образецот VI, а делот на обврските што ќе го исплати општествено-политичката заедница на начинот и од средствата што се предвидени со наведениот закон се искажува во колона 6 на образецот VI.

Органите на управата се должни пред заклучувањето на книгите за 1971 година да ги искнижат обврските што ги презела да ги плати општествено-политичката заедница, со тоа што за износите од пописот на обврските на 15 ноември 1971 година ќе се задолжат контата на кои дотогаш се водени попишаните обврски а за противвредноста ќе се одобри аналитичкото конто „Обврски спрема ОПЗ од попис на 15 XI 1971 година" на основното конто 208 — Други обврски од средствата за редовната дејност односно контото 209 — Други обврски од средствата за посебни намени.

Ако за намирување на попишаните обврски општествено-политичката заедница врз основа на одредбите на член 7 од наведениот закон, користела и средства со кои располагал органот на управата, за тој износ се задолжува соодветното аналитичко конто „Обврски спрема ОПЗ од пописот на 15 XI 1971 година".

За начинот на ликвидирањето на салдата на аналитичките конта „Обврски спрема ОПЗ од пописот на 15 XI 1971 година" одлучува општествено-политичката заедница на предлог од органите на управувањето на органот на управата."

9. Во точка 13 на сите места бројот: „1970" се заменува со бројот: „1971", а бројот: „1971" — со бројот: „1972".

10. Во точка 15 став 2 се брише.

11. Во точка 16 став 1 зборовите: „сојузните органи" се заменуваат со зборот: „органите" а зборовите: „и завршните сметки на органите на управата на другите општествено-политички заедници што одлучиле приходите на буџетот остварени во 1970 година, а уплатени во буџетот до 31 јануари 1971 година, да ги користат на начинот предвиден во членот 164б ст. 1 и 2 од Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници," се бришат.

Во сите одредби на оваа точка бројот: „1970" се заменува со бројот: „1971", а бројот: „1971" — со бројот: „1972".

12. Во точка 18 став 1 зборовите: „до 31 јануари" се заменуваат со зборовите: „до 24 февруари".

Во став 2 зборовите: „до 15 февруари" се заменуваат со зборовите: „до 29 февруари", бројот: „1970" — со бројот: „1971", а бројот: „1971" — со бројот: „1972" на двете места.

13. Во точка 20 ст. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Во рокот од став 1 на оваа точка органот на управата усвоената завршна сметка и ја доставува заради контрола на Службата на општественото книговодство кај која има жиро-сметка.

Како завршна сметка во смисла на ст. 1 и 2 од оваа точка се подразбираат пополнетите обрасци I до VIII и извештајот за работата".

14. Изменетите обрасци III, IV, V и VI се отпечатени кон ова упатство и се негов составен дел.

15. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр 6-1923/1-72
10 февруари 1972 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле,** с. р.

ОРГАН НА УПРАВАТА ——————————

МЕСТО ——————————

**Образец III**

ПРЕСМЕТКА
НА ОСТВАРЕНИТЕ И КОРИСТЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕДОВНАТА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Класа, група или конто | ОПИС | Износ: предвидено според финансискиот план | Износ: остварено односно користено според конечната пресметка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | I. СРЕДСТВА | | |
| 1 | 702 | Средства пренесени по завршната сметка од претходната година за финансирање на редовната дејност | | |
| 2 | 700 | Средства од буџетот | | |
| 3 | 701, 750 | Средства на сопствените приходи што се користат како средства за вршење на редовната дејност | | |
| 4 | 780 | Вонредни приходи | | |
| 5 | | ВКУПНО СРЕДСТВАТА (1 до 4) | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | II. ПОТРОШОК НА СРЕДСТВАТА | | |
| 6 | 712 и дел 760 | Набавка на потрошен материјал и на ситен инвентар | | |
| 7 | дел 713, дел 760 | Трошоци на услугите | | |
| 8 | дел 714, дел 762 и 781 | Разни други трошоци | | |
| 9 | дел 713, 714, 760 и 762 | Лични примања што ги товарат материјалните расходи | | |
| 10 | 715, 761 | Амортизација | | |
| 11 | | Тековна резерва | | |
| 12 | | ВКУПНО ПРЕДВИДЕНО ОДНОСНО ПОТРОШЕНО (6 до 11) | | |
| 13 | 208 | Дел на обврските од пописот на 15 ноември 1971 што ги презела да ги плати ОПЗ | | |
| 14 | | СРЕДСТВА ЗА РАСПРЕДЕЛБА (5 минус 12 плус 13) | | |
| | | III. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА | | |
| 15 | дел 710, дел 765 | Исплатени аконтации на личните доходи, со придонесите од личните доходи и според личните доходи (освен аконтациите за работа подолга од полното работно време и за дополнителна работа) | | |
| 16 | дел 710, дел 765 | Исплатени аконтации на личните доходи, со придонесите од личниот доход и според личните доходи, за работа подолга од полното работно време | | |
| 17 | дел 711, дел 765 | Исплатени лични доходи, со придонесите од личните доходи и според личните доходи, за дополнителна работа | | |
| 18 | дел 711 дел 765 | Исплатени лични примања, со придонесите од личните доходи и според личните доходи, по основ на граѓанско-правен однос | | |
| 19 | 246 | Остварени а неисплатени лични доходи, со придонесите од личните доходи и според личните доходи | | |
| 20 | | ВКУПНО РАСПОРЕДЕНО ЗА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ (15 до 19) | | |
| 21 | 900 | За фондот на опремата | | |
| 22 | 940 | За фондот на заедничката потрошувачка | | |
| 23 | 980 | За резервниот фонд | | |
| 24 | | ВКУПНО ЗА ПРЕНОС ВО ФОНДОВИТЕ (21 плус 22 плус 23) | | |
| 25 | 702 | За пренос во наредната година | | |
| 26 | 279 | За пренос во буџетот | | |
| 27 | 791, 796 | ВКУПНО РАСПОРЕДЕНО (20 плус 24 до 26) | | |

На ____________ 19_____ година

| Раководител на сметководството, | Претседател на советот на работната заедница, | Старешина на органот на управата, |
|---|---|---|
| ____________ | ____________ | ____________ |

**Образец IV**

ОРГАН НА УПРАВАТА ———————— МЕСТО ————

ПРЕСМЕТКА
НА ОСТВАРЕНИТЕ И КОРИСТЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

| Реден број | ОПИС | Износ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| | I. СРЕДСТВА | |
| 1 | Средства пренесени од претходната година | |
| 2 | Средства од буџетот (по позиција број ——— на посебниот дел од буџетот) | |
| 3 | Средства од сопствените приходи | |
| 4 | Средства од други извори | |
| 5 | ВКУПНО СРЕДСТВАТА (1 до 4) | |
| | II. ПОТРОШОК НА СРЕДСТВАТА | |
| 6 | Лични расходи со придонесите | |
| 7 | Надоместок на трошоците за службени патувања | |
| 8 | Материјални расходи | |
| 9 | Постојани социјални помошти за деца и за возрасни | |
| 10 | Помош на жртвите на фашистичкиот терор и на другите граѓани жртви на војната | |
| 11 | Помош на семејствата чии хранители се наоѓаат на задолжителна воена вежба | |
| 12 | Еднократни помошти | |
| 13 | Трошоци на здравствената заштита на корисниците на социјална заштита | |
| 14 | Трошоци за сместување на возрасни и деца во установи и кај други семејства | |
| 15 | Дополнителни средства на установите на социјалната заштита за редовната дејност и за инвестиции | |
| 16 | Средства за редовната дејност на центарот за социјален труд | |
| 17 | Други трошоци во спроведувањето на социјалната заштита | |
| 18 | Трошоци на здравствената заштита на другите здравствено неосигурени лица (за лица што не се опфатени во ред. бр. 13 на овој образец) | |
| 19 | Предвојничка обука | |
| 20 | Стипендии | |
| 21 | Интервенции во стопанството | |
| 22 | Инвестициони вложувања (без гарантниот износ од 10%) | |
| 23 | Издвоени депозити при инвестиционите вложувања во нови нестопански и непроизводни инвестиции | |
| 24 | Друго | |
| 25 | ВКУПНО ПОТРОШОКОТ НА СРЕДСТВАТА (6 до 24) | |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 26 | Дел на обврските од пописот на 15 ноември 1971 што ги презела да ги плати ОПЗ | |
| 27 | НЕПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА (5 минус 25 плус 26), од тоа: | |
| 28 | Дел на средствата од сметките на посебните приходи за финансирање на редовната дејност на органите на управата | |
| 29 | Дел на средствата од сметките на посебните приходи за финансирање на други намени | |
| 30 | За пренос во наредната година (со гарантниот износ од 10%) | |

На ——————— 19——— година

| Раководител на сметководството, | Претседател на советот на работната заедница, | Старешина на органот на управата, |
|---|---|---|
| ——————— | ——————— | ——————— |

**Образец V**

ОРГАН НА УПРАВАТА ——————— МЕСТО ———————

## ДВИЖЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ

| Реден број | Група или конто: Фонд на опремата | Група или конто: Фонд на заедничката потрошувачка | Група или конто: Резервен фонд | ОПИС | Износ: Фонд на опремата | Износ: Фонд на заедничката потрошувачка: 4% за станбена изградба | Износ: Фонд на заедничката потрошувачка: Други средства | Износ: Резервен фонд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | **I. СОСТОЈБА НА ФОНДОТ НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | | | | |
| 1 | 021<br>900 | 048<br>940 | 080<br>930 | Состојба на паричните средства на фондот | | | | |
| 2 | 021 | 045 | 080 | Состојба на кредитите дадени од фондот | | | | |
| 3 | 021<br>или<br>108 | 048<br>или<br>108 | 080<br>или<br>108 | Состојба на орочените средства на фондот | | | | |
| 4 | 021<br>или<br>108 | 048<br>или<br>108 | 080 | Состојба на издвоените средства за исплати за инвестиции | | | | |
| 5 | 900 | 940 | — | Вредност на подвижните предмети, на опремата и на подвижните и неподвижните предмети на заедничката потрошувачка | | | | |
| 6 | | | | ВКУПНО СОСТОЈБАТА НА ФОНДОТ НА 1 ЈАНУАРИ ТЕКОВНАТА ГОДИНА | | | | |
| | | | | **II. ПРИЛИВ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА** | | | | |
| 7 | 021 | 048 | 080 | Средства од буџетот (по позиција број —— на посебниот дел на буџетот) | | | | |
| 8 | 021 | 048 | 080 | Средства од приходот или од дел од приходот што органот на управата ги остварил со својата дејност | | | | |
| 9 | 021 | 047 | 080 | Пренос од друг орган заради здружување на средствата | | | | |
| 10 | 021 | 048 | 080 | Наплатени камати по кредитите и по орочените средства дадени од фондот | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | 900 | 940 | — | Вредност на средствата примени без надоместок | | | | |
| 12 | 021 | 048 | 080 | Други парични средства | | | | |
| 13 | 900 | 940 | 980 | Средства од распределбата по завршната сметка за тековната година | | | | |
| 14 | 900 | 940 | — | Противвредност на ненамирените обврски на 15 ноември 1971 што ги презела да ги плати ДПЗ | | | | |
| 15 | | | | ВКУПНО ПРИЛИВОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА (7 до 14) | | | | |
| 16 | | | | ВКУПНО СРЕДСТВАТА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА И ПРИЛИВ НА СРЕДСТВАТА ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА (6 плус 15) | | | | |
| | | | | III. ПОТРОШОК НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА | | | | |
| 17 | 900 | 940 | — | Книговодствени отписи | | | | |
| 18 | 900 | 940 | — | Вредност на отстапените подвижни и неподвижни предмети без надоместок | | | | |
| 19 | 900 | 940 | — | Неотпишан дел на вредноста на продадените подвижни и неподвижни предмети | | | | |
| 20 | — | 048 или 940 | — | Стипендии | | | | |
| 21 | — | 048 или 940 | — | Разни расходи за потребите на членовите на работната заедница | | | | |
| 22 | 021 или 900 | 048 или 940 | 080 или 980 | Пренос во фондот на друг орган на управата заради здружување на средствата | | | | |
| 23 | 021 или 900 | 048 или 940 | 080 или 980 | Друг потрошок | | | | |
| 24 | | | | ВКУПНО ПОТРОШОКОТ НА СРЕДСТВАТА ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА (17 до 23) | | | | |
| 25 | | | | СОСТОЈБА НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ на 31 декември тековната година (16 минус 24 = 26 до 31) | | | | |
| 26 | | | | ВО ТОА: Состојба на паричните средства на фондот | | | | |
| 27 | | | | Состојба на кредитите дадени од фондот | | | | |
| 28 | | | | Состојба на орочените средства на фондот | | | | |
| 29 | | | | Состојба на издвоените средства на фондот за исплати за инвестиции | | | | |
| 30 | | | | Состојба на издвоените депозити при инвестиционите вложувања во нови нестопански и непроизводни инвестиции | | | | |
| 31 | | | | Вредност на предметите на опремата и на подвижните и неподвижните предмети на заедничката потрошувачка | | | | |

На —————— 19——— година

Раководител на сметководството,

Претседател на советот на работната заедница,

Старешина на органот на управата,

**Образец VI**

ОРГАН НА УПРАВАТА ——————————

## ПРЕГЛЕД НА НЕНАМИРЕНИТЕ ОБВРСКИ

| Реден број | Вид на обврската | Состојба на 15 ноември 1971 година | | | | Состојба на 31 декември 1971 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупни обврски | стасани обврски опфатени со пописот | од тоа: платил органот на управата | од тоа: презела да плати ОПЗ | вкупни обврски | од тоа стасани обврски |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | I. ОБВРСКИ ОД СРЕДСТВАТА ЗА РЕДОВНА ДЕЈНОСТ | | | | | | |
| 1 | Обврски за набавени материјали и услуги | | | | | | |
| 2 | Обврски за лични расходи | | xxxxxx | xxxxxx | xxxxxx | | |
| 3 | Обврски спрема фондовите по привремените позајмици | | | | | | |
| 4 | Друго | | | | | | |
| 5 | ВКУПНО (1 до 4) | | | | | | |
| | II. ОБВРСКИ ОД СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ОПРЕМАТА | | | | | | |
| 6 | Обврски за набавената опрема | | | | | | |
| 7 | Неисплатени стасани ануитети | | | | | | |
| 8 | Други обврски | | | | | | |
| 9 | ВКУПНО (6 до 8) | | | | | | |
| | III. ОБВРСКИ ОД СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ЗАЕДНИЧКАТА ПОТРОШУВАЧКА | | | | | | |
| 10 | Обврски за набавени материјали и услуги | | | | | | |
| 11 | Обврски за набавени средства на заедничката потрошувачка | | | | | | |
| 12 | Неисплатени стасани ануитети | | | | | | |
| 13 | Обврски за инвестиции во објекти на заедничката потрошувачка | | | | | | |
| 14 | За лични расходи | | xxxxxx | xxxxxx | xxxxxx | | |
| 15 | Други обврски | | | | | | |
| 16 | ВКУПНО (10 до 15) | | | | | | |
| 17 | IV. ОБВРСКИ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕЗЕРВНИОТ ФОНД | | | | | | |
| | V. ОБВРСКИ ОД СРЕДСТВАТА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ | | | | | | |
| 18 | Обврски за набавени материјали и услуги | | | | | | |
| 19 | Обврски за набавена опрема и предмети на заедничката потрошувачка | | | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Неисплатени стасани ануитети | | | | | | |
| 21 | Други обврски за инвестиции | | | | | | |
| 22 | Обврски спрема здравствените установи | | | | | | |
| 23 | Обврски спрема други установи и општествено-политички организации | | | | | | |
| 24 | Обврски за лични расходи | | | | | | |
| 25 | Обврски за интервенции во стопанството (регреси, компензации и сл.) | | | | | | |
| 26 | Други обврски | | | | | | |
| 27 | ВКУПНО (18 до 26) | | | | | | |
| 28 | ВКУПНО ОБВРСКИТЕ НА ОРГАНИТЕ (5+9+16+17+27) | | | | | | |

На ———————— 19—— година

| Раководител, на сметководството, | Претседател на советот на работната заедница, | Старешина на органот на управата, |
|---|---|---|
| ———————— | ———————— | ———————— |

55.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ИНДУСТРИСКИ ДИГАЛКИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Индустриски дигалки:

— Ковани товарни кукачки, еднокраки обработени — — — — — JUS M.D1.144

—Ковани товарни кукачки, двокраки, отковки. Облици и мерки — JUS M.D1.145

— Ковани товарни кукачки, двокраки обработени. Облик и мерки — JUS M.D1.146

— Валчест навој за кукачки. Облик и мерки. Упатство за изработка JUS M.B0.085

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1972 година.

Бр. 11а-163/1
19 јануари 1972 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

56.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА МЕТОДИТЕ НА ИСПИТУВАЊЕТО НА ХЕМИСКИОТ СОСТАВ НА ФЕРОЛЕГУРИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Методи на испитувањето на хемискиот состав на феролегури:

— Потенциометриско одредување на хром во ферохром — — — JUS C.A1.408

— Волтметриско одредување на азот во ферохром — — — — — JUS C.A1.409

— Волтметриско одредување на фосфор во ферохром — — — — JUS C.A1.410

— Фотометриско одредување на фосфор во ферохром — — — — JUS C.A1.411

— Гравиметриско одредување на силициум во ферохром (нерастворлив во киселини) — — — — — — JUS C.A1.412

— Гравиметриско одредување на силициум во ферохром (растворлив во киселини) — — — — — — JUS C.A1.413

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1972 година.

Бр. 05-164/1
19 јануари 1972 година
Белград

Директор на
Југословенскиот завод за
стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

## 57.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЦЕВНИ ПРИРАБНИЦИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Цевни прирабници:

Челични прирабници со грло за заварување NP = 2,5 — — — — JUS M.B6.160
Челични прирабници со грло за заварување NP = 6 — — — — — JUS M.B6.161
Челични прирабници со грло за заварување NP = 10 — — — — JUS M.B6.162
Челични прирабници со грло за заварување NP = 16 — — — — JUS M.B6.163
Челични прирабници со грло за заварување NP = 25 — — — — — JUS M.B6.164
Челични прирабници со грло за заварување NP = 40 — — — — — JUS M.B6.165
Челични прирабници со грло за заварување NP = 64 — — — — — JUS M.B6.166
Челични прирабници со грло за заварување NP = 100 — — — — JUS M.B6.167
Челични прирабници со грло за заварување NP = 160 — — — — JUS N.B6.168
Челични прирабници со грло за заварување NP = 250 — — — — JUS M.B6.169
Челични прирабници со грло за заварување NP = 320 — — — — JUS M.B6.170
Челични прирабници со грло за заварување NP = 400 — — — — JUS M.B6.171

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1972 година.

4. Престануваат да важат следните југословенски стандарди:

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 2,5 — — — — — — — — — JUS M.B6.160

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 6 — — — — — — — — — JUS M.B6.161

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 10 — — — — — — — — — JUS M.B6.162

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 16 — — — — — — — — — JUS M.B6.163

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 25 — — — — — — — — — JUS M.B6.164

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 40 — — — — — — — — JUS M.B6.165

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 64 — — — — — — — — JUS M.B6.166

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 100 — — — — — — — JUS M.B6.167

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 160 — — — — — — — JUS M.B6.168

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 250 — — — — — — — JUS M.B6.169

Цевни прирабници. Челични прирабници со грло за заварување NP = 320 — — — — — — — JUS M.B6.170

донесени со Решението за југословенските стандарди за цевни прирабници („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/63).

5. Југословенските стандарди од точка 4 на ова решение престануваат да важат на 1 јули 1972 година.

Бр. 04-165/1
19 јануари 1972 година
Белград

Директор на
Југословенскиот завод за
стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

## 58.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА БАКАР И БАКАРНИ ЛЕГУРИ ЗА ГМЕЧЕЊЕ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Бакар и бакарни легури за гмечење:

— Рамно валани лимови, ламели и дискови од бакар и од легури од бакар. Облик и мерки — — — — — JUS C.D4.520

— Рамно валани ленти и пасови од бакар и од легури од бакар. Облик и мерки — — — — — — JUS C.D4.521

— Цевки од легури на бакар, беврабни влечени. Технички услови за изработка и испорака — — — — JUS C.D5.120

— Бакарни цевки, безрабни влечени. Облик и мерки — — — — JUS C.D5.500

— Цевки од легури на бакар, безрабни влечени. Облик и мерки — — JUS C.D5.520

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1972 година.

Бр. 05-166/1
19 јануари 1972 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**59.**

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ШИНСКИ ВОЗИЛА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Железници од нормален колосек. Профил на возила и слободен профил. Дефиниции на поимите — — — — | JUS P.A0.003 |
| Железници од нормален колосек. Општи профили за товарни коли — | JUS P.A0.004 |
| Пречки на струјни коли на железнички колосеци. Отстранување на пречки — — — — — — — — — | JUS P.A9.010 |
| Шински возила. Полжавести федери. Облик и мерки — — — — | JUS P.F3.220 |
| Железнички возила. Автоматско квачило. Општи прописи — — — | JUS P.F4.300 |
| Железнички товарни коли од нормален колосек. Оклопи на лежишта. Мерки на заменливост — — — — | JUS P.F7.019 |
| Карактеристики на железнички товарни коли во режимот S односно SS — — — — — — — — — — | JUS P.P0.010 |
| Железнички товарни коли. Обртно подножје. Карактеристики на заменливост — — — — — — — | JUS P.P1.010 |
| Кочничарница и кочничарско стојалиште на железнички товарни коли | JUS P.P2.001 |
| Шински возила. Плоскати челични прачки за полжавести федери. Облик и мерки — — — — — — | JUS C.K1.051 |

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1972 година.

Бр. 21-167/1
19 јануари 1972 година
Белград

Директор на
Југословенскиот завод за
стандардизација,
**Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**60.**

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ТРОСКИ ДОБИЕНИ ПРИ ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЖЕЛЕЗО И ЧЕЛИК

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Троска (згура) добиена при производството на железо и челик. Методи на хемиските испитувања на троски без флуор:

| | |
|---|---|
| — Одредување на калциумоксид со комплексометриската метода — — | JUS C.Z0.108 |
